РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 13-621/2
29.01 20 14 год.
СКОПЈЕ

27.01.2014

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10 17/11, 51/11, 123/12, 15/13 и 24/13), министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус на петиполгодишни интегрирани студии по Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус на петиполгодишни интегрирани студии по Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

Република Македонија
Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Факултет за ветеринарна медицина во Скопје

| Примено: 27-01-14 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 223 | | |

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација, решение бр. 12-14/2 од 13.03.2013 година, за акредитација на студиската програма од прв и втор циклус на петиполгодишни интегрирани студии по Ветеринарна медицина, Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се обрати со барање бр. 03-3478 од 11.09.2013 година, до Министерството за образование и наука, под наш бр. 13-11715/1 од 13.09.2013 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Министерот за образование и наука, со решение бр. 13-11715/3 од 16.12.2013 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 11.12.2013 година, изврши увид и изготви извештај бр. 13-621/1 од 17.01.2014 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв и втор циклус на петиполгодишни интегрирани студии по Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите за почеток со работа, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**Спиро Ристовски**

Република Македонија, Министерство за образование и наука, 2, Скопје

**Доставено до:**
- **Примач**
- **Архива**

Изготвил: Нухи Ајдини
Прегледал: Борчо Алексов
Одобрил: д-р Агим Рушити